20 years of excellence

we make IT work

# KABTEL

КОМУНИКАЦИЈА / ИНФРАСТРУКТУРА / ВМРЕЖУВАЊЕ И БЕЗБЕДНОСТ /
ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА / ИНТЕЛИГЕНТНИ СИСТЕМИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ГРАДБИ И АВТОМАТИКА /
НИСКОНАПОНСКИ СИСТЕМИ И РЕШЕНИЈА

# ЗА НАС

**КАБТЕЛ Дооел - Скопје** започна со своите деловни активности во септември 2001 и повеќе од 20 години успешно работи и ги опслужува и најспецифичните потреби на своите клиенти. **20 години успех,** постигнат преку менаџмент визија, стратегиско извршување, тимска инволвираност и напорна работа, благодарение за нивната континуираната поддршка на нашите клиенти, технолошки партнери, како и на целиот ИКТ тим и нивните семејства. Извонредното патување со нетрпение очекуваме да го продолжиме и да ја испорачуваме нашата визија за раст, преку овозможување на најсовремено технологии, за нашите клиенти да постигнат подобри деловни резултати.

Со квалитетното продуктно и услужно портфолио, како и со непосредната комуникација со клиентите, КАБТЕЛ во исклучително кус период се наметна како лидер на новиот бран на ИКТ услуги и експертизи со што постави нови стандарди во работењето. Збогатувањето на крајниот продукт, бескомпромисната безбедност, сигурност, модуларност и скалабилност на решенијата со ефективна обука на клиентот се заштитниот знак на КАБТЕЛ.

КАБТЕЛ, заедно со своите реномирани партнери **Nexans, Kaspersky, Alcatel - Lucent, Dura - Line, Sophos, McAfee, EnGenius, Sauter, Robotina, Nokia Networks, ESSER by Honeywell, TREND by Honeywell, Lande, Olympia Electronics, Digitus...,** е гаранција за квалитетно интегрирани комуникациски системи, овозможувајќи трансфер на знаење, искуство и технологија, на задоволство на нашите клиенти.

Во 2013 година КАБТЕЛ се стекна со статусот „Клучен партнер" на Thales, мултинационална компанија која дизајнира и гради системи и овозможува услуги во повеќе области - воздухопловство, одбрана, транспорт и безбедност.

# МИСИЈА

Дизајн, имплементација и одржување на целосни информациско - комуникациски системи базирани на најновите ИКТ - технологии за поддршка, раст и успех на нашите клиенти и партнери од сите сектори и индустрии.

&

# ВИЗИЈА

Нашата визија е да го промениме начинот на кој размислувате за новиот бран на ИКТ - услуги и експертизи. Следејќи ги потребите на нашите клиенти, ќе креираме целосно интегрирани информациско - комуникациски решенија. И во иднина, бескомпромисната безбедност, сигурност, модуларност и скалабилност на нашите решенија ќе бидат наша цел.

**ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА**
- Сервери и складишта
- Виртуелизација
- Непрекинати извори на напојување (УПС)
- Бекап решенија

**ИНТЕЛЕГЕНТНИ СИСТЕМИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ГРАДБИ И АВТОМАТИКА**
- Индустриска автоматизација
- HVAC Контрола и автоматика
- Автоматика на машински централи
- Контрола и автоматика на осветлување
- SCADA системи
- БМС
- HiQ паметни решенија
- HiQ домови




**ВМРЕЖУВАЊЕ И БЕЗБЕДНОСТ**
- Решенија за свичување и рутирање
- Wi-Fi решенија
- Безбеден мрежен пристап
- UTM / Next-Gen Firewall
- Endpoint решенија
- Меил и веб безбедност
- Енкрипција на податоци
- Напредни решенија за кибер безбедност
- Индустриска кибер безбедност
- Кибер безбедносни услуги

**ИНФРАСТРУКТУРА**
- Решенија за LAN структурно каблирање
- Мрежи со оптички влакна
- Електрични инсталации
- Радио/MW линкови
- Базни станици

**КОМУНИКАЦИЈА**
- Платежни системи
- Центри за повици
- Унифицирана комуникација
- PABX Системи

**НИСКОНАПОНСКИ СИСТЕМИ И РЕШЕНИЈА**
- Детекција на пожар/Гас
- Видео Надзор
- Системи за дојава
- Системи за контрола на пристап
- Болничка сигнализација/ Системи за повик на болнички персонал

# ФАКТИ и БРОЈКИ

## ПОВЕЌЕ ОД ...

- 16.500.000 m положен и инсталиран мрежен UTP/FTP кабел
- 260.000 m спроведен и инсталиран оптички кабел
- 680.000 сертифицирани конектори Cat5e/Cat6/Cat6a/Cat7
- 62.000 работни станици со анти вирусна заштита
- 61.000 монтирани податочни порти
- 61.000 инсталирани FTTH приклучоци
- 21000 имплементирани оптички адаптери
- 19.000 конфигурирани FTTH приклучоци
- 7.200 менаџирани свичеви
- 5.500 инсталирани и конфигурирни IP/VoIP говорни порти
- 4.500 активни корисници на Firewall заштита
- 3.900 монтирани и конфигурирани извршни и мониторинг елементи
- 2.200 задоволни корисници на Wi-Fi решенија
- 600 сетирани пристапни точки
- 450 инсталирани и конфигурирани базни станици
- 210 монтирани и конфигурирани PABX системи
- 200 инсталирани и конфигурирани радио линкови
- 120 интегрирани безбедносни решенија

# СОРАБОТУВАМЕ СО...



# ПРИЗНАНИЈА и НАГРАДИ

2010 Горан Митрески, главен извршен директор на КАБТЕЛ, во друштво на **Тројцата најдобри работодавачи**, во категорија до 100 вработени. Изборот е всушност рангирање на компаниите  кои применуваат најдобри пракси во управувањето со човечкиот капитал;

2011 **"Most Promising Partner Of The Year" за "Emerging Markets" - Kaspersky Lab, Кејптаун, Јужна Африка**
Престижната награда беше доделена на најголемата конференција на KASPERSKY Lab, која се организираше за сите партнери од регионот ЕМЕА и Јужна Америка. Наградата на КАБТЕЛ му ја врачи лично Евгениј Касперски, CEO на Kaspersky. Оваа награда беше доделена како резултат на зголемената продажба и постигнатите резултати во делот на проширување на продажната мрежа на територијата на Р. Македонија;

2012 **"Best Government and Public Sector Implementation in 2012" - Kaspersky Lab, Порторож, Словенија;**



2013 **"The Best Business Initiatives" за "Emerging Markets" - Kaspersky Lab, Киев, Украина**
Постојаниот раст на нашите партнери го прават КАБТЕЛ една од најуспешните ИКТ компании во балканскиот регион;
**"Best xSP Implementation" - Kaspersky Lab, Дубровник, Хрватска**
Кабтел воведе уникатен модел преку кој сите корисници на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија имаа можност за користење на производите и услугите на Kaspersky Lab со техничка и продажна поддршка 24x7;

2014 **"Best SMB Partner in 2014" - Kaspersky Lab, Будва, Црна Гора**
КАБТЕЛ ја доби оваа награда како резултат на зголемената продажба во сегментот на пазарот  на мали и средни претпријатија;

2015

2016

2017, 2018

2019

2020

2021

2022

2023 **"Platinum Partner" Kaspersky 2022** и **"Best MSP Kaspersky Partner" 2022**
**"Cybersecurity Hero"**
**Trellix**

# ЕДУКАЦИЈА




## NEXANS РЕГИОНАЛЕН ТРЕНИНГ ЦЕНТАР
### NEXANS CABLING SOLUTIONS EXPERT LEVEL CERTIFICATION

КАБТЕЛ е сертифициран NEXANS регионален тренинг центар во Македонија за специјалистичка обука за проектанти и инсталатери на компјутерски мрежи, телефонија и мрежи со оптички влакна.

Специјалистичката обука опфаќа детални теоретски и практични предавања и вежби со цел учесниците целосно да се запознаат со сите важни сегменти на денешните локални мрежи креирани преку бакарни и оптички кабли, како и проектирање на структурен кабелски систем согласно со стандардот ISO/IEC 11801.

Со обуката ќе бидат опфатени и компонентите на Nexans кои се наменети за креирање на бакарни и оптички мрежи.

Учесници на специјалистичката обука може да бидат сите заинтересирани без разлика на стручната подготовка (ВСС, ССС, ВШС). Секој учесник по успешно положениот финален тест се стекнува со меѓународен сертификат на англиски јазик издаден од NEXANS.

Обуките се одржуваат во просториите на КАБТЕЛ.

Наставата е на македонски јазик, водена од меѓународен сертифициран тренер, во согласност со стандардите ISO/IEC 11801 за структурно каблирање.

# НАШИОТ ТИМ

е нашето највредно богатство и
главна причина за нашиот успех



## Луѓето ја прават разликата!

Успесите на компанијата се потпираат не само на нашите технологии, методологии и инфраструктура, туку и на придонесот и посветеноста на вработените. Луѓето ја прават разликата! Нашиот тим е единствена комбинација од лидери, стратези, инженери, ИКТ - експерти, продажни специјалисти, стручни оперативци и помошен персонал. Ние обрнуваме внимание на деталите и се стремиме кон совршенство. Континуирано инвестираме во нашите вработени, во подобрување на нивните вештини, во подобрување на перформансите за квалитет.

Ние ги организираме нашите вработени според индустријата и специфичноста на услугите, што ни овозможува да дадеме посебна стручност на понудените решенија кои покриваат најразлични сервисни потреби. Нашите специјалисти за ИКТ имаат длабоко чувство за развој и предлагаат нови и напредни решенија. Тие ги дизајнираат нашите услуги на начин на кој ќе ги задоволат и најспецифичните потреби на клиентите. Сите заедно ги поддржуваме пријателството, новите предизвици и чувството за заедништво. Нашите луѓе се најдобри и нашата иднина е во нивни раце!

Ги цениме своите вработени поради нивната стручност и компетентност, посветеност и придонес, а нашата визија е да бидеме „Прв избор за клиентите кои бараат највисок квалитет и доверба“.

# СЕРТИФИКАТИ

**ISO / IEC 27001, ISO 14001, ISO/IEC  20000-1, ISO 9001, ISO 45001**

**Национален безбедносен сертификат**

**Лиценца А за проектирање на градби од прва и втора категорија**

**Лиценца А за изведувач на градби од прва категорија**



# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Општествената одговорност е неразделен дел од работењето на КАБТЕЛ. Сите производи и услуги кои КАБТЕЛ ги создава и ги нуди првично се наменети за задоволување на потребите и желбите на клиентите од опкружувањето - затоа посебна грижа водиме за одржување и за подобрување на тоа опкружување.

Изразеното чувство на почит и поддршка кон културата, спортот, науката, музиката, здравството, образованието многупати го потврдивме преку голем број донаторски и хуманитарни акции:

» Хуманитарни кампањи и донаторски акции за одбележување на Светската недела за борба против гладта, 16-22 октомври ;

» Донаторски акции за ПХВ работилницата на Црвениот крст
» Крводарителски акции “Хуманост на дело”;
» Донација на компјутерска опрема на Институтот за белодробни заболувања кај деца, Козле;
» Донации во храна и потребни артикли за социјално загрозени семејства, како и при елементарни непогоди на ранливи категории;
» Компанијата е долгогодишен член на Клубот на пријатели на СОС Детското село, со повеќе годишните донациски акции, спонзорства на хуманитарни концерти, спортски активности, континуирана поддршка на куќата на Телетабисите, едукации...;





» Спонзорства на Младинската школа на МЗТ, Кошаркарскиот клуб Пелистер;
» Спонзорство на тенискиот турнир Cherry куп;
» Спонзорство на VI HST Светско радиоаматерско првенство;
» Спонзорство на Ансамблот за народни песни и ора „Кочо Рацин“, Скопје;
» Едукативни работилници “Заштита на децата од опасностите на интернет”, како поддршка на ОН Конвенција за правата на децата, за заштита од насилство, булинг, дискриминација, заштита од штетни и несоодветни содржини, заштита на приватноста, значајни за безбедноста во реалниот, но и во дигиталниот свет.



» Континуирано учество на хуманитарните трки на Скопски маратон;
» Спонзорства на Саемот за вработувања и пракса „КОНТАКТ“ организиран од Студентскиот парламент на ФЕИТ;
» Спонзорство на настанот „50 години студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии“ во Скопје;
» Спонзорство на „Feel the Energy 2“ организиран од Здружението на студенти по електротехника ЕЕСТЕК;
» Спонзорства на Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ;
» Спонзорства на „Startup Weekend“ во Скопје и Глобалната недела на претприемаштвото, организирани од Фондацијата Претприемачки сервис за млади;
» Спонзорство на вториот настан „Стратегија на терен“, организиран од заедницата „МБА Македонија“;
» Спонзорство на книгата Аквадукт (дузина кратки раскази) од Тони Манџуковски;
» Бесплатни обуки за студенти и невработени лица во Регионалниот тренинг центар на Nexans во Кабтел...
» Партнерство со InnoTech клубот и поддршка на Inno Fab Lab, првата лабораторија за производство и прототипирање за млади во Македонија...

# ДОВЕРБАТА НИ ЈА ДАДОА...

...

20 years of excellence

we make IT work

KABTEL

**КАБТЕЛ ДООЕЛ**
**ул. Перо Наков бр.1 , Скопје**
**+389 2 310 3230**
**info@kabtel.mk**
**www.kabtel.mk**